Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

**Број 03-1336**
**13.09.2022 год.**

# Информации за пријавување и упис на студенти на интегриран прв и втор циклус додипломски студии во вториот уписен рок на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

## Рокови за пријавување и запишување

| | **Втор уписен рок** |
|---|---|
| **Пријавување на кандидатите** | 15 и 16.09.2022 |
| **Објавување на резултатите од успехот од средно образование** | 20.09.2022 |
| **Објавување на решение за прием на кандидатие** | 23.09.2022 |
| **Запишување на кандидатите** | 26.09.2022 |

## 1. Чекори за пријавување на кандидатите

- Пред пријавувањето за упис на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, секој заинтересиран кандидат треба претходно да се регистрира преку порталот за идни студентит на **www.upisi.ukim.mk** и да ја пополни електронската пријава во **iKnow** системот.
- **Бројот на пријавата** којшто кандидатот автоматски го добил од системот за електронско пријавување, треба да се внесе и во пријавата која се поднесува при пријавувањето за запишување.

## 2. Упатство за регистрација во iKnow системот

- По отворање на веб-страницата **www.upisi.ukim.mk** следете го линкот **„Регистрирај се“**, со цел да креирате кориснички профил. По креирање на корисничкиот профил, при секое следно најавување во системот користете го истото корисничко име и лозинка – **не отворајте нов профил.**
- Пријавата која ја пополнувате, можете да ја менувате во целост, се до моментот додека не кликнете на полето **ПРАТИ.**
- **По негово кликање, немате повеќе можност за промени, печатење или прикачување на потребните документи.**
- По формирање на корисничкиот профил, пријавувањето на кандидатите се врши електронски, со испраќање на електронска пошта на следната адреса **upisi-fvm@ukim.edu.mk** и дополнително прикачување на скенираните документи.
- Во полето **Subject** на електронската пошта, кандидатите го наведуваат бројот што автоматски им го генерирал системот за електронско пријавување.



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk